РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 03-84/20
26.10 2024 год.
СКОПЈЕ

Erasmus+

Eco Responsible Citizens
2023-2-MK01-KA210-SCH-000180361

ПОВИК

за аплицирање за мобилност во рамките на ERASMUS+ програмата

Од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, во рамките на Програмата Еразмус +, Клучна акција 2, одобрен е грант под број 2023-2-MK01-KA210-SCH-000180361 за Проектот Еко одговорни граѓани / Eco Responsible Citizens.

Главни цели на проектот се:

- Креирање и одржување менторски односи преку комуникација со учениците и водење дневник за изведените активности;
- Пренесување на искуството од процесот на учење, поттикнување мотивација и самодоверба кај помладите ученици и откривање и следење на нивните специфични интереси;
- Обезбедување помош и насоки во училишната социјализација, развивање социо-емоционални вештини и чувство за и спречување можни конфликтни ситуации;
- Промовирање на европските вредности и основните човекови права.

Координатор на проектот е ООУ „Блаже Конески“ - Скопје.

Одобрени се шест (6) мобилности во Турција за учениците од нашето училиште во траење од 5 дена.

Мобилноста ќе се одвива во период од 24 февруари до 28 февруари 2025 година во Ак Сарај во Турција.

Трошоците за престој, сместување, храна и патување ги покрива програмата.

Поднесувањето на документите ќе трае од 25 до 31 октомври до 12.00 часот, а ранг листата на избрани ученици ќе биде истакната најдоцна 15 дена по завршување на јавниот повик.

За аплицирање потребно е во администрација да бидат доставени следниве документи:

- Пополнета образец на пријава (објавен на веб страна https://ooublazekoneski.edu.mk);
- Мотивационо писмо;
- Свидетелства и додаток на свидетелства за двете последно завршени одделенија;
- Доказ за валиден биометриски пасош;
- Препорака од класниот наставник за поведението на ученикот и активноста на ученикот/чката во промовирање на еко свесност;
- Изјава / Согласност да примаат дома ученик од странство во април 2025;
- Потпишана изјава за обработка на лични податоци (објавен на веб страна (https://ooublazekoneski.edu.mk);
- Потврда за учество во ЕКО акција „Собери и победи".
- Потврда за следење настава по посебна индивидуална програма (доколку следи настава по таква програма).

Селекцијата ќе се врши врз основа на следните

КРИТЕРИУМИ

1. Вклученост на ученикот во воннаставни еко - активности
    a. Доказ: Додаток на свидетелство
    b. Бодување: по 2 бода за секоја активност

2. Поведение на ученикот
    a. Доказ: Свидетелства
    b. Бодување: примерно 2 бода, добро 1 бод, незадоволително 0 бодови

3. Мотивираност за посетување на мобилноста
    a. Доказ: Мотивационо писмо

b. Бодување: доставено мотивационо писмо 2 бода

5. Редовност во учество во ЕКО денови на училиштето
   a. Доказ: Чек листа

6. Донесен сортиран и измерен пластичен отпад (пластични шишиња, пластични капачиња) и стара хартија
   а. Доказ: Потврда за учество во ЕКО акција „Собери и победи".
   б. Бодување: Според количината на донесен отпад.

7. Следење настава по посебна индивидуална образовна програма
   а. Доказ: Потврда од стручна служба на училиштето
   б. Бодување: 2 поена

8. Ученици од маргинализирани групи, социјално ранливи семејства или еднородителски семејства
   а. Доказ: Потврда
   б. Бодување: 2 поена

* Доколку на повикот се пријават ученици кои веќе имаат учествувано во мобилност од истиот проект, предност ќе имаат учениците кои не биле на ниту една мобилност.

Селекцијата ќе ја изврши Комисија од ООУ „Блаже Конески" - Скопје.

Од Комисијата

Билјана Синадиновска Шотаровска
Анета Андреевска
Весна Анѓелевска